## Упатство за употреба на Извештај за сообраќајна незгода

Овој извештај одговара на моделот на извештај кој е издаден од Европскиот Комитет за осигурувања (Comité Européen des Assurances - CEA)

**Овој извештај сте должни да го користите кај сите сообраќајни незгоди**

### Сообраќајна незгода - што треба да направите

- **Ако некој изгубил живот или е повреден или е настаната поголема материјална штета**

  Повикајте лекар, останете на местото на сообраќајната незгода, со тоа што можете привремено да се оддалечите само заради пружање помош на повредените лица, преземање на сите потребни мерки како би се отстраниле нови опасности и би се овозможил нормален тек на сообраќајот. Преземете ги сите потребни мерки да не се менува состојбата на местото на незгодата и да се сочуваат постоечките траги. Запалете ги покажувачите на насока и поставете сигурносен триаголник (најмалку 50 метри од местото на сообраќајната незгода). За сообраќајната незгода известете ја најблиската полициска станица.

- **Ако настанала мала материјална штета:**

  Возачите - учесници во сообраќајна незгода се должни веднаш да ги отстранат возилата од коловозот, да овозможат непречено одвивање на сообраќајот и да го пополнат и потпишат Европскиот извештај за сообраќајна незгода на местото на сообраќајната незгода (член 219 од Законот за безбедност на сообракајот на патиштата Службен весник на РМ бр,169/2015, 226/2015 и 55/2016)

  Ви препорачуваме состојбата на возилото и местото на сообраќајната незгода да ги измерите и фотографирате од поголема и непосредна оддалеченост (оштетувања на возилото, траговите на кочење и занесувања и отпаднатите делови на патот...) а потоа важните места означете ги со креда.

  Извештајот за сообраќајната незгода служи за утврдување на фактичката состојба и не значи дека помеѓу возачите е постигната согласност за вината за сообраќајната незгода, ниту дека со потписот се признава вина. Описите за текот на незгодата кои не се совпаѓаат, можат исто така да бидат запишани, по потреба на дополнителен лист.

  Полициските службеници на Министерството за внатрешни работи се должни да излезат на местото на сообраќајната незгода во која е предизвикана мала материјална штета, ако тоа го бара едниот од учесниците во сообраќајната незгода и тоа во случаи, кога: едно од возилата нема регистарски таблици или истото не е осигурано; едно од возилата има странска регистарска таблица,еден од возачите е очигледно под дејство на алкохол, дрога или други психотропни супстанции,еден од возачите не поседува соодветна возачка дозвола,еден од возачите одбива да ги даде своите лични податоци, односно податоците за возилото или еден од возачите го напуштил местото на сообраќајната незгода. (член 220 од Законот за безбедност на сообракајот на патиштата Службен весник на РМ бр. 169/2015, 226/2015 и 55/2016)

  Сопственикот на моторното возило е должен да го извести друштвото за осигурување со кое склучил договор за осигурување од автомобилска одговорност за настанување на сообраќајната незгода и да достави пополнет Европски извештај за сообраќајна незгода, во рок од 30 дена од денот на настанувањето на незгодата. ( член 22 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот 88/05,70/06,81/08,47/11 и 135/11)

  Учесниците во сообраќајната незгода се должини, на барање на одговорното друштво за осигурување, да дадат опширно известување за околностите под кои се случила сообраќајната незгода, а во спротивно се должни да ја надоместат штетата настаната од неизвршување на обврската за известување.(член 23 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот 88/05, 70/06, 81/08, 47/11 и 135/11).

### Како се пополнува Извештајот за сообраќајна незгода?

- **На место на сообраќајната незгода**

1. Користете само еден комплет за 2 возила кои учествувале во сообраќајната незгода (односно 2 за 3 возила итн.). Не е важно чиј примерок се пополнува, ниту кој учесник во сообраќајната незгода го пополнува. При пополнување е потребно е да се користи хемиско пенкало.
2. При пополнување на Извештајот, Ве молиме да обрнете внимание на следното:
   - податоци во прашањата
   - а) под точка 6 и 8 препишете од Вашиот документ за осигурување (полиса за осигурување или зелена карта) и
   - б) под точка 9 препишете од Вашата возачка дозвола.
   - точно означете го местото на ударот (точка 10)
   - прецртајте ги во квадратчињата оние варијанти (1-17) кои се однесуваат на Вашата незгода (точка 12) и на крај наведете го вкупниот број на прецртани квадратчиња.
   - нацртајте скица за сообраќајната незгода (точка 13)
3. Наведете ги имињата и адресите на евентуални очевидци посебно во случај ако мислењата на учесниците во незгодата не се совпаѓаат. Доколку посредувала сообраќајната полиција, наведете ги имињата на полициската служба.
4. Потпишете го Извештајот за сообраќајната незгода, а потоа дајте му го на другиот возач на потпис. Еден примерок од потпишаниот Извештај дајте му го на другиот возач, учесник во сообраќајната незгода, а другиот примерок задржете го за себе.

- **Дома**
  - Не заборавајте да наведете каде и кога може да се изврши увид и процена на штетата на Вашето возило од страна на вештакот.
  - Во никој случај немојте да вршите било каква измена на предната страна на Извештајот за сообраќајната незгода.
  - Образецот што побрзо предајте го на надлежниот осигурувач.

- **Посебни случаи**
  - Доколку другиот учесник во сообраќајната незгода поседува ист образец кој го одобрил Comité Européen des Assurances но на странски јазик, имајте на ум дека обрасците се идентични. Содржината на тој образец ќе можете да ја разберете споредувајќи ја со текстот на Вашиот образец. Прашањата се означени со редни броеви.
  - Доколку сообраќајната незгода ја предизвикал возач на возило со странски таблици, оштетениот треба да побара копија од зелената карта односно да се погрижи да добие фотокопија доколку возачот нема копија (посебно тоа е важно ако се работи за возила со регистарски таблици од земјите кои не се членки на ЕУ односно ЕЕА и Швајцарија).
  - Образецот може да се користи и ако во незгодата не учествувало некое друго возило, на пр. кај каско осигурувањата во случај на материјална штета која сами сте ја причиниле, кражба, пожар и слично.

КОРИСНО Е САМО ДОКОЛКУ Е ПРИ РАКА - ЗАТОА ВИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ ЕВРОПСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕЗГОДА ДА ГО ЧУВАТЕ ВО ПРЕГРАДАТА ОД ВАШИОТ АВТОМОБИЛ

Copyright CEA 2001

# ЕВРОПСКИ

# извештај за незгода

**Ве молиме останете присебни**

**Ве молиме останете мирни**

## Упатство за употреба

Copyright CEA (Comité Européen des Assurances) 2001.
Сите права задржани. Секое умножување или измена на овој документ без претходно писмено одобрение од CEA е забрането.